**УДК 929Дрнков,Б.**

# М Е М Е Н Т О
## Сто години од раѓањето на Благоја Дрнков

## „ПРВА РАБОТА ЈЕ СВЕТЛОСТА!“
## Разговор со Благоја Дрнков (1914–2012)

Благоја Дрнков е доајен на македонската документаристика и неприкосновен уметник во фотографското мајсторство. Уште како ученик започнува да се занимава со фотографирање. По завршувањето на средното образование се вработува во фотографскиот дуќан „Фотоаматер“, кога и ја купува својата прва филмска 9,5-милиметарска камера и сопствен кинопроектор, а од 1940 година станува сопственик на „Фотоаматер“.

Во 1935 година го прави својот прв филм. Во 1945 година е именуван за прв директор на Филмската дирекција на Македонија и прв дописник на „Филмски новости“ од Македонија. Во овој период има снимено голем број филмски записи значајни по својата општествено-историска вредност. Седум месеци во текот на 1947/48 година Дрнков престојува во Чехословачка каде што специјализира во студијата „Барандов“.

Во „Вардар филм“ работи до 1953 година, а потоа преминува во Етнолошкиот музеј како фотограф, снимател и режисер на етнолошки филмови. Од 1957 до 1960 година повторно работи во „Вардар филм“. Од 1960 до 1964 е фотограф и снимател во Извршниот совет, а од 1964 до пензионирањето во 1969 година е режисер во Телевизија Скопје на документарни филмови и телевизиски серии. Добитник е на повеќе награди и признанија, меѓу кои:

- награди на телевизискиот фестивал во Блед за телевизиските серии „Прсти“ посветени на старите занаети и за документарниот филм „Свилена буба“;
- 1950 – Одликување со указ на Владата на НРМ за „Радосно детство“;
- 1950 – Медал на трудот од Президиумот на Народното Собрание на ФНРЈ;
- 1965 – Специјално признание од „Филмске новости“ по повод 20 години постоење;
- 1973 – Орден на трудот со златен венец со Указ на Претседателот на СФРЈ;
- 1994 – Републичка награда „11 Октомври“ за животно дело[1];
- 2008 – Медал за заслуги за Македонија[2].

[1] http://www.maccinema.com/avtor_detali.asp?IDSORABOTNIK=376&tSearch=%E1%EB%E0%E3%EE%BC%E0&kategorija=all (последен пат посетено на 7. 4. 2013)

[2] Mk.wikipwdia.org/wiki/Благоја_Дрнков (последен пат посетено на 7. 4. 2013)

*
* *

Разговорот со Благоја Дрнков беше воден на деветти декември 2008 година во неговиот стан во Скопје. Тогаш тој имаше 95 години, одлична меморија и голема животна енергија. Со задоволство, „на скопски“, зборуваше за настани од детството, фасцинираноста од фотографијата, за незгаснатата жед за освојување нови знаења, за чувството за бизнис, а најмногу за ентузијазмот со кој приоѓал кон фотографската и филмската работа, којшто не го напушти до крајот на неговиот долг, исполнет и инспиративен живот.




„Јас како дете... Јас сум од граѓанска фамилија, сме биле пет деца. Јас сум најстар бил... Шес деца, уствари. Јас сум едино машко, и другите све се сестри. Пет сестри. Кога ја бев у трето оделение основно училиште, тогај имав три сестри. Родени, значи, по годините и возрас помали од мене. И татко ми викна еден фотограф, у непосредна близина од кај нас шо седеше, да нѐ слика децата у дворот. Тој дојде... а, мие бевме спремни. Он го постави стативот, па го стави апаратот на стативот, па преку стативот стави едно црно платно. И... преку апаратот, за да може после да... зашто он треба да гледа таму, нели? Тогај така беше... фотографирањето. И јас го гледам него вака и ми е интересантно: ’Сеа шо ќе праи овој? – си викам ја – шо сака сега со ова црново платно?‘ А, тоа црно платно ме потсети на овај... у школото коа бев јас, доваѓава магионичари тамо и со црно платно праева. И од црното платно ќе извади нешто, ова-она. Маѓионичарска работа. И го глеав сеа: ’Овој магионичар е. Шо дошол да нѐ фотографира магионичаров?‘ И он нѐ намести и почна сеа да се покрива за

да може да глеа како стоиме, па ќе рече: ’Ти вака, ти навака‘. И ја го гледам, се смеам ии... викам: ’Овој магионичар е‘ (се смее). Иии, таја магија тогај, тоа магионичарство влезе у мене као дете, заинтересиран и ја до ден-денеска со неа се занимавам. Еве, тоа е почетокот и интересот како се закачила таја работа. Аа, добро, он нѐ исфотографира нас, отиде, си сврши работа, и јас почнав да си одам, да си се занимавам као дете со разни работи... И, еден ден, не знам шо беше, имаше кај шо е сега... зад католичка црква, тука, имаше... Не знам дали знаете кај беше католичка црква тука у Скопје. Не знаете? Тоа е на среде на ’Маршал Тито‘ улица... ’Маршал Тито‘ улица е оваја и од десната страна. Тоа е улица, тука беше еден дуќан голем, ’Дечки базар‘ се викаше. Продаваше разни играчки. И као дете, нормално, ќе одиш таму кај шо има играчки, таму ќе глеаш да купуеш... И јас еден ден коа доваѓам, гледам, едно момче повозрасно од мене таму, купуе нешто, и тој му објашњава како се праи, фотографии. ’Еве ти – вика – имам негативи‘. Негативи, паковани по десет негатива у една кесичка. А, тоа се од Америка шо... филмовите им останувале ресловите тие, ги сечат по десет комада и ги продаваат на деца заедно сос специјална хартија. Ќе го стаи филмот на хартија специјална, и ќе се стаи на сл’нце и ќе осветли тоа, и после тоа у солена вода ќе се измие и... фотографија остануе! Ја коа видов тоа: ’Лелееее!!! – реков – Ууу! Бргу давај ваму!‘ (се смее) И јас зедов и почнав да праам фотографии, да се занимам. И така, продужив да се занимам и гледам дека е тоа интересантно. Занимација. Правиш нешто! Тоа е магијата, значи влегло во мене више и тражи чаре кај да испадне. И јас продужив да се занимавам сос таја работа па... А, нели тогај ќе требеше да се... станав први разред гимназија, па требе да се сликам, требаше да даеш слика таму. Па, јас викам: ’Мајку му стара, зашто јас сега требе да идам, да се сликам и тој да ми ја праи фотографијата? Нека ми ја дае мене и ја... плочата нека ми ја сними, нека ми ја дае, ќе му платам јас, ќе зеам јас хартија и ќе си ја праам јас сам фотографијата‘. И така почнав да се занимавам со фотографијата. Коа дојдов у трећи разред гимназија, тогај учевме физика, професорот од физика беше дебарчанец, али мене многу ме сакаше затоа што јас се занимавав... Он ако рече: ’Бунарче, како изгледа бунарче?‘, јас бунарче ќе напраев од даски, ќе исечев, она, ќе го напраам и ќе му го даам ја моделот, и он ќе го однесе у гимназија таму за да им го покажуе после на другите деца. Али, бидејќи јас со него бев близок вака, он се занимаше за фотографија и еден ден организира класната да идеме на излет горе, на Водно. А, бидејќи и он е сос нас таму, дојде он и вика: ’Благоја, знаеш што? – вика – Ќе ти даам ти ќе го носиш апаратот‘. Он сака мене да ми напраи задоволство. ’Па, таму коа ќе сликаме, ќе ти кажам нешто, па после ќе ти кажам уште нешто ова друго што е‘. И стварно, отидовме горе, на Водно. Јас бев најсреќниот од сите ученици. На професорот апаратот го носам за сликање! Нејсе, сликавме шо се сликавме све, и ми рече: ’Утре ќе дојдеш да ги развиеме плочите‘. Зошто јас не сум видел како се развиваат плочи у ноќе. Јас само знам тие дневни, на сл’нце шо се праат слики, да ги праам. И нејсе, отидов ја кај него, видов како се работи тоа на црно, и научив. Ги измивме плочите, јас на пумпата таму пумпав вода, зашто треба да се измијат, и вика: ’Знаеш што, утре или други ден, коа ќе бидам слободен, ќе ти кажам и ќе дојдеш, па ќе видиш како на... исто така на црвена светлос, вештачки тоа, се праат сликите, се копираат‘. Оние слики што ги имаме денеска. Јас – ееeeј! Имаше ли од мене посреќен чоек?! И нејсе, отидов после два дена таму и видов како се прави. ’Ете, сеа гледаш ли? Еве вака, се става тоа така, се става така, има развијач... А, развијач можеш да си купиш од фотограф. Ќе идеш кај

фотографите ќе ти даат развијач, ќе ти даат фиксир, зашто ти не знаеш составот да го напраиш. Уште си многу мал. Коа ќе попораснеш ќе праиш овака‘. И јас среќен, одма отидов купив развијач, купив све и сеа... Ама требе мрачно и требе црвена светлост да има, за да може да се гледа, да се работи тоа. И јас, шо да праам, овај, измислив, гасеѓената ламба, дома што имавме гасеѓена ламба, тогај немавме струја дома, ’а зедов, напраив еден црвен балон, вака, на жица, со црвено ова, го напраив и го стаив на ламбата. И све стана црвено. За да може да се работи. Извади ги, не се расипуват, иначе ќе се расипе фотографијата. И така почнав да работам јас. Еден ден, не знам што станало нешто сум... не сакајќи сум се мрднал, сум тргнал некако, тоа ламбата гасеѓена, и напраила чур она, и ме зашеметила мене малце. И јас како што сум бил под кревет, а тоа под кревет го праев. Немав каде да го праам, не знаев како се праи тоа све. И сум паднал, а од креветот и од едната страна и од другата, ќебето шо ме покривало, мајка ми шо ме покривала за да ја можам да работам таму, сум го тргнал ќебето и воздух дошол и сум се освестил јас. Иначе сум можел да се загушам. Ее! И како ова-она? И сеа шо да праиме – како да праиме? И ондак јас најдов у дворот таму, напраив едно, од даски, како сопче, еден метар квадратни, и стаив едно црвено стакло, и дневната светлост ми праеше црвено светло, и ја унутре си работев. Да може да се напраи. И така еве јас работев и така станав фотограф. И све поише и поише, поише и поише, полека, полека, почнав да се занимавам со таја работа, праев фотографии. И кога ја завршив четврти разред гимназија, се запослив у една книжарница како трговски помошник, продавач. И работев таму, сета таја работа, меѓутоа, карши нашиот дуќан, тоа беше исто на ’Маршал Тито‘ улица, на другата страна, имаше еден Германец, кој беше дојден тука и отворил дуќан со материјал, фотографски апарати да се продаваат и све тоа, за тие што се занимаваат со фотографија да имаат кај да купујат материјал. И јас, бидејќи мене ми требаше материјал да купувам, јас ќе отидам кај него, ќе си земем ова-она. Он ме научи да си правам развијач сам. И така почнав кај него да одам и све. И еден ден вика: ’А бе, што праиш ти? Ти само праиш фотографии. А бе, ти треба да сликаш, бе!‘ Вика: ’Ти требе да земеш апарат, па да почнеш да сликаш‘. ’Ах! – реков – Апарат! Ама... требе пари!‘ Татко ми беше шнајдер, сиротиња. Нема можност он да ми дае пари да... Он вика: ’Знаеш што?! Еве, ај вака ќе напраиме – ја ќе ти даам тебе еден апарат Карл Цајс, кошта пестотин динара...‘ Тоа време пестотини динара плата беше тогај! (се смее). ’Али, ќе плаќаш месечно по педесе динара. Ќе ми плаќаш. Имам доверба во тебе, те знам дека си добро момче тука‘. И јас веќе... од среќен посреќен нема! Растам!... И почнав. Ги собирав, ќе одиме другарите на излет, ќе се сликаме. На Скопска Црна Гора, те ваму, те онаму, те ова, те она. Еве така тоа почна сѐ, и така јас почнав да се развијам.

Работев таму едно две-три години... А, додека работев јас таму, у книжарницата, одев у трговска школа. ’Трговска школа скопске омладине‘, така се викаше школата. Таму беше специјалност за коресподенција и за книговодство. Главно тие беа. И српски јазик се учеше и друго. Али, најглавната работа беше тоа... Јас у школото бев меѓу првите ученици. За книговодство и коресподенција бев тата-мата. И јас коа завршив... мене ме примија... таа шес години беше, а бидејки имав завршено четири разреда гимназија, они ме примија одма у четврто одделение. Четврто ниже и две више, така беше школата. Така да ја... Они ќе ми дадеја одма више да имам, ама зошто не ги познавам работите, поарно е една година да научиш она што е основно за да можеш да бидеш... И јас завршив таму и станав книговодител ’пар екселанс‘. И... ајде,

шо ќе праиме сега, бидејќи е ова струка. Можам поише пари да заработам него чирак само да бидам. И се фатив јас во една папучарска задруга, а задруга не може да биде ако нема книговодство. Мора да има книговодство. Јас се запослив таму и почнав да им водам книговодство. И ја работам јас таја работа, меѓутим, јас фотографијата си ја терам. Тоа си е башка работа, ова си е башка работа. И се отвори еден нов дуќан, Теодосије Вучидолац еден. Тука имаше куќа тој. Тој бил некој пут калуѓер, и он као калуѓер научил фотографија и ајде сега ќе продава фотоапарати, материјали кој ќе купи да има. Дуќан за таа работа. Како оној што беше Германецот, исто. Сега и овој. А, тој не знам што стана, тој Германецот отиде негдека, го затвори дуќанот, не знам шо бидна. И ја бидејќи, кај него купуем сега материјал, ме прашуе: 'А бе, ти шо праиш таму?' 'А бе, јас – викам – сум книговодител, им водам книги и коресподенција'. 'Па, – вика – знаеш што, ајде и кај мене да ми водиш коресподенција и книговодство. Јас – вика – не се разбирам у таа работа. Хонорарно. Ти таму работи си шо е, па ќе доеш поручек коа ќе свршиш работа, па навечер ќе праиш тука и ќе тераш тоа'. И јас се согласив... Ја коа влегов унутре...!! У царството на мојата фантазија, мојата магија!! (се смее) Апарати! Материјал! Све што требе, све има тука! Све! И... не помина едно време, едно дете дојде, не дете, мислам... момче едно, седумнаесегодишно, му вика на газдата: 'Имам една кинокамера девет и пол милиметра, да ти ја продадам. Ја, зошто ќе одам од овдека, да не ја носам'. Овој газдата рече: 'Оо! Добро. Дај!' и ја купи камерата. Јас... одма отворив очи. Си викам: 'Лелее! Сеа ќе имам и камера овдека за сликање!' (се смее) И ја навртив одма филмови за тоа... А, бидејќи стариот не можеше да оди он, ја одев у Загреб, да купуем материјали за нас, и јас одма од тамо купив филмови за овој апаратот. Ако дојде некој и сака да го купи, да има и филмови. А, јас си земав и за себе филмои, па коа сакам... И прва работа шо снимив, снимив у дворот кај шо живеевме, имавме кокошки и два петла. Одвреме-навреме водеа борба, се тепаа. И јас го снимив тоа заедно со мајка ми како ги гледа и им вика: 'Немојте да се тепате!' Ова-она, сето тоа. Тоа е прва работа шо сум ја снимил на филм. И ја, значи почнав во исто време и со филм да се занимавам.

Е, сега, убаво беше тоа. Одев ја, праев работи, снимив тамо у... имаше една... католичката црква, еден ден празник, не знам како се вика, се собираа они, одеа у црква, све. И јас зедов сето тоа го изснимав и им го покажав на попоите. 'Лелее! Па, ова е фина работа! Па, ова да ни го продаеш на нас! Ова да го имаме мие... Ама кај ќе го глеаме?' 'Ќе го глеате, ама ќе си купите и апарат за гледање, проектор'. А, мие до тогај веќе наручивме и проектор и све да има (се смее). И еве така почнав да се занимам јас и сос фотографијата и сос филмот. Те разни ора ќе снимам, ќе идам по селата, како жнеат жито, како работат селаните по селата. Јас сите тие работи ги снимав. И на фотографија и на филм. Ама, како одев, испадна една помодерна фотографија, осум милиметра. Многу попрактично, многу поубав апарат, поквалитетна работа. Ама тогај веќе јас можев, и си купив еден таков апарат и јас почнав со тоа да се занимам. Што све немам сликано?! Те, Матка ќе ја снимам, те ќе идеме негде, сними го ова, сними го она. И покажуј го. Имав еден пријател што ми беше од гимназијата, му викав: 'Знаеш што, ај да направиме едно детско кино, у изба. Ќе им прикажуеме и ќе даваат по двaес пет пари. Тогај имаше една дупната пара. Ќе даваат по двaес пет пари, а мие ќе им ги прикажуеме филмоите што сум ги снимал јас'. 'Важи, бе – вика – ајде'. И ги собиравме. И почнав јас да заработуем и пари од тоа што... децата доаѓаа и гледа све, и така.

...

Додека работев таму, секои петнаесе дена јас бев у Загреб по материјал, за дуќанот шо купуев. Јас тоа. Газдата уопште не ми праеше проблем шо сум купил јас апарат и шо сликам. И јас праам пропаганда, и други ќе купуат. Па, дојдоа и професори некои и купија апарати, па така... Имаше два-три дуќана големи коишо на големо продаваа, и од таму ги носев јас тија работи.

Кај што работев, тоа беше фототрговина. И у исто време се изработуева слики за муштерии. Ќе дојдат они, јас или... имаше и едно девојче, работеше, ќе ги напраиме сликите, па ќе си ги земат. Сликање – не. Само изработување слики на други. Аматерски работи. Не ателје за сликање! Фототрговина беше. За апарати и изработка на аматерски филмови. За муштерии, ќе донесе филм шо си го сликал. Мие ќе го развиеме филмот, и од развиениот филм ќе му напраиме фотографии, и ќе дојде ќе си ги земе после, ќе си плати. Газдата фотограф беше. У манастир научил фотографија. Он уопште не се бавеше, стар човек беше, у години. Едино што имаше пари. Скопјанец беше. Овдека голема куќа имаше он. Овдека, на оваа улица, Илинденска. Тука му беше куќата. Он имаше жена Словенка, имаше ќерка една. И мнозина покушаваа да ме напраат... да ме тераат, да ме оженат со ќерка му. Јас реков: ’Не сакам, бе. Не се женам сега – викам – и... мене ми е важна работата таја‘ (се смее). А, после тоа, они си отидоа оттука.

...

Јас кога работев тоа, со осум милиметра, коа почнав да работам више со филмот асално, на Киро Глигоров, кој ми беше другар, као деца тогај другаруевме, и денеска бев кај него (се смее), ќерка негова се мажи. Се мажи за еден трговец од Царево Село, од Делчево. И реков: ’Знаеш што, јас ќе ја снимам свадбата, на филм ќе ја напраиме, да имаме‘. И ја иснимав свадбата убаво, све. И сите ја гледаа свадбата: ’Леле што е убава, леле што е убава!‘ И за мене стана тоа веќе професија. Те овој сакал ова, те на оној свадбата ќе ја сликаш, на оној ќе сликаш. Идеме на излет, и ќе снимам сето тоа, после ќе се гледаме, и така. И овој Ферчо, зет му на Киро Глигоров, кој доваѓаше од Делчево, кај мене правеше фотографии. Му праев ја фотографии и се познававме многу убоо. Добри пријатели бевме. И сега он станує зет на Киро Глигоров, а со Киро Глигоров другари и све, е сеа свадбата им ја сликав, видоа сета таја работа, и он еден ден доаѓа и ми вика: ’Море Благоја, – вика – знаеш што? Ај да напраиме нешто убаво да биде. Да го прашаме газдата, и така тој не може нити да работи, нити ништо више, не го бива. Да ни го продае дуќанот. Јас ќе даам пари, ќе го зееме дуќанот, а заеднички ќе работиме, ортачки. Ти нема да даеш динар, а ќе бидеш ортак. Ти ќе работиш овдека, а јас ќе си бидам у Делчево, тамо ќе си работам‘. И така напраивме. Го зедовме дуќанот, и јас станав полугазда на дуќанот, и така почна да се развија сета таја работа.

...

И дотеравме до ратот коа почна. Стана ратот, стана ѓурултија. Рат. Ја имав снимено многу работи, филмови, ова-она. Германците коа беа влегле у дуќан, коа

дојдоа у Скопје они пљачкаа по разни дуќани. И кај мене у дуќанот беа ми опљачкале, многу филмови, многу фотографии, многу апарати ми испокрале од дуќан. Сето тоа... Шо ќе тргнеш?! Од кај знаеш ти?! Јас секој ден работам. Сабајле ќе отвориш дуќанот, работиш. Навечер они тоа го праева све. Нејсе, бидна работа. И тоа го поднесовме. Сеа, штета – штета.

И коа стана ѓурултијата, тоа, ратот, три-четри години доека траеше тоа, јас терав работа. Све тука што можеше. И со партизаните одев и партизани снимав. Одев по селата, да не ме види никој, така, да не ме сетат. Историјата на Македонија почнав да ја пишуем и со филм и со фотографии, све. Партизани, кој требе за лична карта ќе дое и ќе ми рече: 'Јас сум од тој и тој, ми рекоа да дојдам да ме сликаш'. Сликај го, дај му го и оди. 'Ајде, не требе пари, ништо'. Станавме уште поблиски со Киро Глигоров бидејќи тука он беше... И кога сврши ратот, по ослободуење, него го постаива за министер за културата. И сега, што ќе се праи, како ќе се праи, тогај ми текна мене да напраиме 'Вардар филм'. Да се напраи, идеа. И јас му викам на него: 'Тоа не би било лошо да се напраи'. И предлогон: 'Кого да зееме?' – го прашал он помошникот негов, а тој другарот мој, шо праевме со децата, филмови шо прикажуевме, вика: 'Шо сакаш поубаво, бе, – вика – од Благоја? Тој све се разбира у таја работа'. 'Море, имаш право, бее! Ајде: Благоја Дрнков – директор на Филмската дирекција на Македонија'. И сите кина и... да се... филм да почнеме да работиме, полека да се праи. И еве така се развиваше таја работа.

...

Немаше тема. Тема беше све! Све што е интересантно, све што е убаво, све требе да се слика. Јас све сум сликал. Све она што може да биде... Ја од тоа напраив изложба, и кога дојде еден професор на изложбата да ја гледа, и ги гледа дрвата. Еве вакви дрва... Измеѓу Штип и Струмица, дрва имаше многу интересантни, и ја еден ден одејќи натака застанав, испосликав и напраив седумдесе фотографии, големи. Еве, како оваа. Помали малце. Упола од оваа. И напраив изложба. И еден професор дојде, ги гледа и вика: 'Леле, бре, – вика – како може ова? Ова не се дрва за да ги земеш да ги гориш, греота е, – вика – види го! Ова да го гориш!? – вика – Нити па, од него да правиш нешто друго. Штета. Ова дрво е чудо едно!' Кај мене дрвата пеат. Греота е да се расипе ова. И јас почнав да добијам награди, за филмови, за фотографии, изложби праам, награди добијам за тоа. Праќам фотографии низ цел свет. Каде не?! До Кина сум пратил, до Аустралија... Каде не сум праќал фотографии?! Изложби имам и награди од тоа, пофалби, и сета таа работа.

Тоа е сѐ мое лично. Јас коа гледав дека, кога некој гледа, па вика: 'Види шо е убава оваа фотографија!' – јас, значи... јас сум правилно поступил. Коа ќе седнам рецимо да сликам старец... Сега... денеска е мој портрет (се смее). Старец?!...

...

Станав филмски дописник... А, тоа забраив да ви кажам. Коа формиравме 'Вардар филм' тука, почнав јас да идам у Београд, зашто тамо беше веќе формирана кинематографијата на Србија. Таму имаше Александар Вучо еден, и ондак ја одев кај него за да можам да видам све. И таму, беше 'Филмске новости' журналот.

Они кога видова со кого имаат работа, они ми викаат: ’Ај, да ти даеме камера, па биди наш сниматeл. Оди тамо снимај! Терај си работа ти у дуќан шо си имаш, овај... таму у дирекцијата. Но, оди и снимај!‘ Они ми плаќаа за таа работа, и ја праев филмови, разни работи... Све што ќе сметам да е убаво, интересантно, све ги праќав у ’Филмске новости‘. Шо се случуе кај нас и такви работи. И ја таму бев првиот сниматeл од Македонија.

Све што сум напраил, сум напраил со размислување. Како требе ја ова да го напраам? Што требе? Или ко ќе видам нешто – дали да го снимам од оваа страна или ќе го снимам и од оваа и од онаа страна? Која страна е поубава? Видиш? Ова е поубаво. И тоа ќе го напраам, другите ќе ги фрлам. Тука е целата работа што јас самиот сум чувствувал нешто у себе. Сум имал нешто, некој порив за таја работа.

...

Со ретуш не сум се занимавал. Ретуш има кај фотографијата, еве ваква. Ама ќе има некоја дамка, ќе има некоја флека, таа се ретушира, се праи, ваљда за да не се гледа. Рецимо, може тамо да биде некоје... рецимо пеперутка, тоа не е згодно да стои, тоа ќе треба да ја избришеш. Сето тоа е само за корекција, иначе ретуширање, таква работа – не сум праел јас. На портрети или вака да го мачкам тоа јас – не!

...

Па, видите, јас... го знаев Манаки. Со Манаки бевме пријатели. Он купуеше кај мене матријал. Јас коа ќе отидев таму кај него, ќе видев, ќе ми покажуе што снимал од филмови, какви филмови снимал и ова-она. И така бевма... Додека јас имав дуќан. И тогај станавме пријатели и после продуживме да бидеме пријатели. И јас ги гледав неговите филмои шо праел и... ми покажуеше слики што имал, фотографии шо праел, сета таа работа, гледав. Е, тоа е. Само со него сум имал работа. Другите не ме интересирале, затоа што... тоа било... како да речам... примитивна работа. Некој сака да се слика, отишол, се сликал. Мене тоа не ме интересирало. Мене ме интересирало портретот. Ако е некој интересантен, да има носија, убоо одело да има или да има убаа шапка или да има НЕШТО. Тоа е сосема друго гледање неголи... ова. И јас коа... ме виде мене он... Беше бомбардирана Битола, од странците... И кога разбрав ја, одма, на воз и право тамо! Отидов и ја иснимав бомбардирана Битола. Одма документ напраив, таа работа. Све! И тоа си стои во историјата, таа работа. Ете, тоа е она што мене ме интересирало.

...

После тоа работев у Етнолошки музеј. Па, работев у телевизија. Тоа што требеше за музејот да се снимаат носии, ова-она, све. Фотографиите ете и ден-денеска стојат. Таму се фалат со нив... и така натака. Па, ако требе податак, таму има. Сум остаал све. Имало ред тоа. Картотека има, све, све има. Мислам четири години бев тамо. И филмови имам ја напраено тамо. У Етнолошки музеј имам филмови напраено. Четр-пет филма имам напраено тамо, ’Ѓурѓовденски обичаи‘, ’Русалии‘. Све стои тоа таму. Ја имам филм напраено и за свилена буба.

Издадов прва монографија 'Мојата Македонија'. Две илјади и прва година ја издаде МАНУ. Седумдес пета година има издадено прва монографија. Цветан Грозданов пишуеше за мене. Црно-бели фотографии. Тука се тие, у почетокот, а после се колор.

...

Со дигиталните апарати? Како не?! Па, со нив работам сега. Сега со нив работам. И тоа има своја добра страна. Не мора да купуете филм, не мора ова-тоа. Штракни, сврши работа, напраи пози, тури го у тефтер и ќе стои тоа. Кога сакаш ќе го извадиш. Значи нема филм, нема развијање, нема такви работи, тоа све. Олеснето е. И големи формати праам јас. Со дигиталниве, тоа се прави, нема проблем. Ние имаме... рецимо, ови се печатени кај мене. Имаме машина за печатење. Али испаднаа нови машини, поскупи. Купи ја и ене стои машината доле. Дејан, фнукот мој ги работеше. Он со компјутерска работа се занимава. Али, оваа е ондека работена, кај Графика. Јас тука ги праам сега, кај Графиката.

Ова сака агалот на светлоста да го земеш. Тоа е најосновно. Прва работа је светлоста!"

**Разговор и фотографија: Е. Павковиќ**